20262544575

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Национален комитет за заштита и безбедност на новинари (во натамошниот текст: Комитетот), како координативно тело за зајакнување на националните механизми за заштита и безбедност на новинарите и медиумските работници.

Член 2

Комитетот се состои од претседател, заменик - претседател, осум членови и нивни заменици претставници од:

- Министерството за внатрешни работи - претседател и заменик - претседател;
- Министерството за правда - член и заменик - член;
- Министерството за дигитална трансформација - член и заменик - член;
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија - член и заменик - член;
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - член и заменик - член;
- Академијата за судии и јавни обвинители - член и заменик - член;
- Јавното претпријатие Македонската радио-телевизија - член и заменик - член;
- Здружението на новинарите на Македонија - член и заменик - член;
- Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници - член и заменик - член.

Со Комитетот претседава претседателот од Министерството за внатрешни работи. Во случај на негово отсуство или спреченост, со Комитетот претседава неговиот заменик.

Член 3

Комитетот ги врши следните работи:

- ја олеснува координацијата меѓу надлежните институции, новинарските и медиумските организации и граѓанскиот сектор;
- ја следи реализацијата на Националниот акциски план за заштита и безбедност на новинарите и предлага мерки во рамките на законските надлежности на соодветните органи;
- соработува со субјектите кои имаат надлежност во областа на заштита на новинарството и безбедност на новинарите;
- предлага годишен план за работа и приоритетни активности на Комитетот, до Владата на Република Северна Македонија;
- предлага годишен план за работа и приоритетни активности на Комитетот, до Владата на Република Северна Македонија;

- ја следи реализацијата на мерките од Националниот акциски план;
- поттикнува усогласено постапување и размена на информации меѓу надлежните субјекти, во согласност со закон;
- разгледува збирни податоци за закани и напади врз новинари, вклучително и родово специфични и онлајн закани;
- предлага организирање на обуки за преземање на превентивни активности, подигање на свеста и мерки против SLAPP-постапки;
- предлага мерки за подобрување на меѓуинституционалната соработка и информирање на јавноста и
- поттикнува воспоставување и унапредување на постојните механизми за пријавување и упатување на закани и напади кон надлежните органи.

Член 4

По покана на Комитетот, во неговата работа може да учествуваат и претставници на Собранието на Република Северна Македонија, судството, други надлежни институции, саморегулаторни тела, новинарски и медиумски здруженија, граѓански организации, истражувачки институти и стручни лица, зависно од прашањата што се разгледуваат.

Член 5

Комитетот од редот на своите членови избира секретар.

Стручно - административните работи на Комитетот ги врши Министерството за внатрешни работи.

Член 6

Комитетот се состанува најмалку два пати годишно, а по потреба и почесто.

Член 7

Комитетот донесува Деловник за својата работа.

Член 8

Комитетот доставува извештај за својата работа до Владата на Република Северна Македонија, најмалку еднаш годишно.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-5878/23
27 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.